# GAZI UNIVERSITY, GAZI HOSPITAL, ANKARA, TURKEY
# ИЗВЕШТАЈ ЗА ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕДУКАЦИЈА
# Д-Р БЛАГОЈ ШУНТОВ, СПЕЦИЈАЛИЗАНТ ПО НЕВРОХИРУРГИЈА, ЈЗУ УК ЗА НЕВРОХИРУРГИЈА СКОПЈЕ.

- 1.Ревизија на субокципитална декомпресија на задна мозочна јама и Ц1 ламинектомија кај пациент со Arnold-Chiari type II малформација.






- 2.Деснострана фронтоорбитална остеопластична краниотомија кај 52 годишна пациентка со olfactory groove менингиом.





- 3.Пациент со синус каверносус синдром и наод на левостран синус каверносус менингиом, реализирана беше левостана птерионална остеопластична краниотомија и транссилвиев пристап до туморот, употребена беше CUSA, и инфратенторијалниот дел од туморот беше оставен за оперативен третман во втор акт со ретросигноиден пристап. Индициран беше третман со Gamma knife на резидуалниот тумор.





- 4. Доенче на 8-месечна возраст со наод на интравентрикуларен тумор, реализирана беше ексцизија на истиот со деснотрана париетална остеопластична краниотомија и пратен оперативен материјал за патохистолошка верификација.



- 5.Хроничен спонтан субдурален хематом кај пациент на 65 годишна возраст со хронична исхемична срцева болест на антикоагулантна терапија. Реализирана билатерална фронтопариетална краниектомија и поставена пасивна субдурална дренажа на истите.



- 6.Левострана Л4 радикулопатија и наод на дискална екструзија на Л4-Л5 нивото, реализирана беше левостана хемиламинектомија на Л4-Л5 нивото, истострана фораминотомија и екстракција на дискалната екструзија.



- 7.Пациентка на 67 годишна возраст со претходно реализирана ексцизија на дифузна церебрална глиоматоза и левостана декомпресивна фронтотемпорална краниектомија, наод на рецидив на болеста и медикорезистентна епилепсија. Реализирана беше предна темпорална лобектомија.



- 8.Пациентка на 17 годишна возраст со секундарна медикорезистентна епилепсија со парцијални комплексни епи напсади со секундарна генерализација и МРИ наод на каверном во левиот темпорален лобус. Реализирана беше предна темпорална лобектомија во која беше вклучена и лезијата видена на МРИ.





- 9.МРИ наод на рецидивантен глиобластом, претходно опериран пред 8 месеци. Реализирана беше итеративна рекраниотомија и ексцизија на опишаната лезија, при што беше користена интраоперативна неуронавигација.



- 10. Пациентка на 47-годишна возраст со клиничка презентација на тригеминална невралгија, реализирана МРИ на мозок и ДСА на церебралните крвни садови, артериска и венска фаза, со наод на луп на аберантна горна петрозна вена која притиска на излезиштето на тригеминалниот нерв. Пациентката оперирана во супинациска положба со глава поставена на Mayfield фиксатор и лесно свртена кон десно.



